# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147 од 27.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за евиденциите од областа на трудот („Службен весник на Република Македонија" број 16/2004, 102/2008, 17/11 и 166/12), во членот 56 став 1 зборовите: „3.000 до" се бришат.
По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:
„Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од овој член, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка должен е на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците."

**Член 2**

Членот 57 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 330 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на работодавач, ако:
1) во евиденцијата за повреди при работа не ги внесе податоците во рокот пропишан во членот 24 на овој закон;
2) во пропишаниот рок не ја достави пријавата од членовите 16, 31 и 32 под б) и членот 41 на овој закон;
3) во пропишаниот рок не достави пријава и одјава од членовите 16, 31 и 32 под б) точка 2 на овој закон;
4) во пријавата од членовите 13, 31 и 32 под б) и членот 40 на овој закон внесе неточни податоци и
5) податоците не ги запишува на начин пропишан во членот 51 од овој закон.
Глоба во износ од 33 до 45 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 од овој член на директорот, односно друго службено лице кај работодавачот.
Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од овој член, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка должен е на сторителот на прекршокот да му издаде мандантен платен налог согласно Законот за прекршоците."

**Член 3**

Членот 57-а се менува и гласи:
„За прекршоците од членот 56 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.
Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни и мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот и мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот и мандатниот платен налог."

**Член 4**

По членот 57-б се додава нов член 57-в кој гласи:

**„Член 57-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 5**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно - правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за евиденциите од областа на трудот.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.